РАЗМИСЛУВАЈ РАЗЛИЧНО

Здружение на лица со телесен инвалидитет и лица со пречки во развојот
РАЗМИСЛУВАЈ РАЗЛИЧНО СТРУМИЦА

Здружение на лица со телесен инвалидитет и лица со пречки во развојот РАЗМИСЛУВАЈ РАЗЛИЧНО
Бр. 03-1911
22-07-2025 год.
Струмица

ДО: ОПШТИНА БОСИЛОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК РИСТО МАНЧЕВ

Бр. 03-1911
Струмица 22-07-2025год

Здружение на лица со телесен инвалидитет и лица со пречки во развојот Размислувај Различно Струмица .

Ул. 24 - ти – Октомври локал бр.19 Струмица

Тел 071/340-201

Email razmisluvajrazlicno@hotmail.com

ПРЕДМЕТ: Барање

Почитувани

На ден 11,07,2025год излезе сторија на ЛОКАЛ АКТИВ каде се детектираат значителни недостатоци во имплементација на одредби од Закон за примена на знаковен јазик под наслов ***ТИШИНАТА Е НИВНИОТ ЈАЗИК – ИГНОРИРАЊЕТО Е НАШИОТ***

Законот за примена на знаковен јазик, донесен во 2009 година, во Член 7 пропишува дека „државните органи, органите на локалната самоуправа, правосудните органи, јавните претпријатија, установите, фондовите и други институции и организации, се должни на глувото и наглуво лице да му обезбедат толкувач на барање на глувото лице или по службена должност веднаш кога ваквото лице ќе приложи решение од *Центарот за социјална работа*, со кое му се признава правото на употреба на толкувач. Трошоците на толкувачот од Член 4 на овој закон ги надоместуваат органите односно институциите од ставот 1 на овој член

Од погоре споменатото Бараме да ни доставите податок дали имате ангажирано лиценциран толкувач на знаковен јазик и доколку немате како се справувате со лицата кој се со оштетен слух и говор при побнесување на нивно барање за услугите кои Вие како општина сте должни по закон да ги реализирате .

Воедно Бараме да обезбедите финансиски сретства за ангажирање на лиценциран толкувач на пордачјето на вашата општина .

Ве молам за позитивно разгледување на нашето барање и обезбедување на финансиска поддршка за ангажирање лиценциран толкувач. Вашата поддршка ќе ја поттикне инклузијата и еднаков пристап до услуги за лица со попреченост.

Со Почит !

Претседател,
Македонка Г Ристов

Струмица 22,07,2025 год

м.п. Струмица